Понеделник во просториите на Министерството за култура во 11,30 часот предвидени се изјави за медиумите

Министерката за култура Елизабета Канческа–Милевска утре (17 февруари) во просториите на Министерството за култура (ул. Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61) ќе оствари работна средба со македонскиот уметник со интернационална кариера, Дуке Бојаџиев, кој е еден од најзначајните современи македонски композитори кој долги години живее и успешно твори во Њујорк. На средбата, меѓу другото, ќе стане збор за идните активности за промоција на македонската култура во светот.